**Информации за заштита на податоци**

Обработка на податоците на клиентите

Посветени сме на заштита на вашите лични податоци и почитување на важечките закони за заштита на податоци, особено Регулативата (ЕУ) 2016/679 за заштита на физички лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на тие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕС (Општа регулатива за заштита на податоците или "ОРЗП") и соодветното словенечко законодавство кое се однесува на заштитата на личните податоци, и ги обработуваме вашите лични податоци само врз основа на законска одредба или доколку субјектот на податоци дал своја согласност.

Во оваа информација за заштита на податоците, објаснуваме кои информации (вклучувајќи ги и личните податоци) се обработуваат од наша страна во врска со нашиот меѓусебен деловниот однос.

## I. Кој е одговорен за обработка на лични податоци?

Контролорот одговорен за обработка на лични податоци е **УРСА СЛОВЕНИЈА, ДОО,** 8000 Ново место, Похвова улуца 2, Словенија. Секое повикување на “ние“ или “нас“ во оваа информација за заштита на податоци претставува повикување на погоре наведениот субјект.

Нашиот координатор за заштита на податоци можете да го контактирате преку погоре наведените средства или на privacy@ursa.com.

## II. Кои податоци ги обработуваме?

Спроведувањето на нашите деловни односи вклучува обработка на податоци поврзани со нашите клиенти. Доколку овие податоци се однесуваат на физичко лице (на пример, ако сте трговец поединец и стапите во деловен однос со нас), истите се сметаат за лични податоци. Без оглед на правната форма на нашите договорни партнери, обработуваме податоци за контакт лицата кои дејствуваат во име на клиентот.

Ве молиме, пренесете им ги овие информации за заштита на податоците на лицата во вашата организација кои се вклучени во деловниот однос со нас ("контакт лица").

1. Основни податоци: Обработуваме одредени општи податоци за нашите клиенти и контакт лицата, како и деловниот однос со нас, збирно наречени "основни податоци". Основните податоци вклучуваат

a) сите информации кои ни се обезбедуваат во текот на воспоставувањето на деловниот однос или ние сме ги побарале од нашите клиенти или контакт лица (на пример, име, адреса и други податоци за контакт), и

b) сите информации собрани и обработени од наша страна а кои се во врска со воспоставувањето на деловниот однос (на пример, деталите за склучените договори).

2. Податоци за извршување: Ги обработуваме личните податоци собрани во текот на деловниот однос, и освен ажурирање на основните податоци, другите податоци ги нарекуваме "податоци за извршувањето". Податоците за извршувањето вклучуваат:

a) информации за извршувањето на договорните обврски од страна на нашите клиенти врз основа на склучените договори;

b) информации за извршување на договорните обврски од наша страна врз основа на склучените договори;

c) информации обезбедени од клиентот или контакт лицето во текот на нашиот деловен однос, без разлика дали тековно или на наше барање; и

d) лични податоци кои ни се обезбедуваат во текот на нашиот деловен однос од страна на нашите клиенти, контакт лицата или од трети лица.

3. До степен дозволен со закон, можеме да ги додадеме личните податоци кои ни ги даваат трети лица на горенаведените основни и податоци за извршувањето. Ваквите податоци може да вклучуваат информации во врска со комерцијалната состојба/ рејтингот на нашите клиенти, доколку е потребно за проценка на финансиските ризици (на пример, задоцнети плаќања)

4. Извори на лични податоци

Собираме лични податоци од различни извори, вклучително:

– поединци;

– преку веб страници;

– поединечен работодавец;

– договорни партнерисontract partners

**III. За кои цели и врз кој правен основ ги обработуваме вашите лични податоци?**

1. Ги обработуваме основните податоци, податоците за извршувањето и податоците за користењето заради спроведување на договорните односи со нашите клиенти или за пред-договорни мерки врз основа на член 6 став 1 b) од ОРЗП. Без оглед на правната форма на нашите клиенти, ги обработуваме основните податоци и податоците за извршувањето во врска со едно или повеќе контакт лица заради наш оправдан интерес во извршувањето на деловниот однос врз основа на член 6 став 1 f) од ОРЗП.

2. Понекогаш ги обработуваме основните податоци, податоците за извршувањето и користењето за да се усогласиме со законските обврски на кои подложиме; ваквата обработка се заснова на член 6 став 1 c) од ОРЗП. Законските обврски особено може да вклучуваат задолжително објавување на лични податоци на (даночните) органи.

3. До потребен степен, обработуваме лични податоци (покрај обработката за целите на деловниот однос или заради почитување на законските обврски) за целите на нашите оправдани интереси или оправданите интереси на трети лица врз основа на од член 6 став 1 f) од ОРЗП. Оправданиот интерес може да вклучува:

a) процеси во рамките на групацијата за интерна администрација на податоци за клиентите

b) поведување на или одбрана од законски тужби

c) превенција и истрага на криминални престапи

d) одржување на безбедноста на нашите информациско технолошки системи

e) одржување на безбедноста на нашите простории и инфраструктура

f) управување со и дополнителен развој на нашето деловно работење, вклучително и управување со ризик.

4. Доколку на физичкото лице му дадеме можност да даде согласност за обработка на личните податоци, ги обработуваме личните податоци опфатени во согласноста за целите наведени во таква согласност врз основа на член 6 став 1 а) од ОРЗП.

Имајте во предвид дека

- изјавата за согласност е доброволна,
- дека недавањето на согласност или повлекувањето на истата може, сепак, да доведе до последици и ние ќе ве информираме за таквите последици пред да ви биде дадена можноста да ја дадете согласност,
- согласноста може да се повлече во секое време и таквото повлекување ќе важи во иднината, на пример, преку обезбедување на известување до нас преку пошта, факс, е-маил, користејќи ги информациите за контакт наведени на првата страница од оваа информација за заштита на податоци.

## IV. Дали постои обврска за давање на лични податоци?

Давањето на основните податоци и податоците за извршувањето наведени во делот II, погоре, е потребно за стапување и одржување на деловниот однос со нас, освен ако не е поинаку назначено пред или при собирањето на податоците. Без обезбедување на овие податоци, не сме во можност да стапиме и одржуваме деловен однос.

Доколку собираме дополнителни податоци, ќе наведеме дали обезбедувањето такви информации се заснова на правна или договорна обврска или е потребно за извршување на договорот. Обично укажуваме кои информации може да се достават доброволно и не се засновани на правна или договорна обврска, ниту пак се неопходни за целите на договорот.

## V. Кој има пристап до личните податоци?

Личните податоци обично се обработуваат во рамките на нашата компанија. Во зависност од категориите на лични податоци, само одредени оддели/ организациски единици имаат одобрен пристап до вашите лични податоци. Таквите единици ги вклучуваат одделот за продажба и - ако податоците се обработуваат преку нашата ИТ инфраструктура - исто така и нашиот ИТ оддел.

Врз основа на концептот за управување со улоги/права, пристапот до лични податоци е ограничен на функциите и степенот неопходен за соодветната цел на обработката.

Доколку е дозволено и до степенот до кој е дозволено со закон, можеме да ги пренесеме вашите лични податоци на примачи надвор од нашата компанија. Таквите надворешни примачи може да вклучуваат:

- друштва поврзани со Xella групацијата;
- даватели на услуги кои - врз основа на соодветни договори со нас - обезбедуваат одредени услуги, вклучувајќи обработка на лични податоци, како и одобрени подизведувачи на нашите даватели на услуги;
- приватни или јавни органи, до степен до кој сме должни да ги пренесеме вашите лични податоци врз основа на законска обврска на која сме подложни.

## VI. Дали користиме автоматизирано донесување на одлуки?

Во текот на деловниот однос, обично не користиме автоматизирано донесување на одлуки (вклучувајќи профилирање) во смисла на член 22 од ОРЗП. Доколку применуваме вакви процеси во иднина, ќе ги информираме лицата одделно, во согласност со важечките законски одредби.

## VII. Дали податоците се пренесуваат во земји надвор од ЕУ/ЕЕО?

Личните податоци се обработуваат само во рамките на Европската унија или Европската економска област; немаме намера да пренесуваме лични податоци во други земји (“трети земји).

## VII. Колку долго се чуваат податоците?

Обично ги чуваме личните податоци се додека имаме оправдан интерес за задржување на таквите податоци и тука не преовладува интересот на субјектот на податоците за воздржување од понатамошната обработка.

Дури и без оправдан интерес, можеме да продолжиме да ги чуваме податоците доколку постои законска обврска (на пример, за да се усогласиме со законските обврски за чување на податоци). Ние ги бришеме личните податоци дури и без барање од субјектот на податоци веднаш штом нивното понатамошното чување повеќе не е потребно за целите за кои податоците биле собрани или на друг начин обработени или доколку понатамошното чување не е на друг начин дозволено со закон.

Генерално, основните податоци и дополнителни податоци собрани во текот на деловниот однос се чуваат најмалку до завршувањето на деловниот однос. Податоците се бришат доколку целите за собирањето или обработката се веќе постигнати. Сепак, тоа може да се случи по завршувањето на нашиот деловен однос. Доколку личните податоци треба да се чуваат за да се усогласиме со некаква законска обврска, таквите податоци се чуваат до крајот на соодветниот период за чување. Доколку личните податоци се обработуваат само за да се усогласиме со законската обврска за чување, пристапот до такви податоци обично

се ограничува, така што податоците се достапни само доколку се потребни за целите на обврската за чување.

## VIII. Кои се вашите права како субјект на податоци?

Како субјект на податоци, под одредени услови, можете:

- Да побарате пристап до вашите лични податоци, член 15 од ОРЗП;
- Да побарате исправка на неточни лични податоци, член 16 од ОРЗП;
- Да побарате бришење на вашите лични податоци, член 17 од ОРЗП;
- Да побарате ограничување на обработката на вашите лични податоци, член 18 од ОРЗП;
- Да го остварете го вашето право на преносливост на податоци, член 20 од ОРЗП;
- Да се спротивставите на обработката на вашите лични податоци, член 21 од ОРЗП.

Горенаведените права може да ви бидат потврдени, на пример, со обезбедување на известување до нас преку деталите за контакт наведени на првата страница од оваа информација за заштита на податоци.

Во случај на дополнителни прашања, можете да стапите во контакт со нашиот координатор за заштита на податоци.

Освен тоа, имате право да поднесете жалба во врска со обработката на вашите лични податоци кај надлежниот надзорен орган, член 77 од ОРЗП.

* * *